Универзитет Св. Кирил и Методиј
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-1984/1
26.10. 2018 год.

Врз основа на член 163 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Одлуката на Наставно-научниот совет бр. 02-1762/5 од 18.10.2018 г. и член 114 став 4 алинеја 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), Деканот на Факултетот распишува:

**О Г Л А С**
**за избор на демонстратори во учебната 2018/2019 година**

**I.** За учебната 2018/2019 година се распишува оглас за избор на 17 демонстратори како помошници во наставно образовниот процес на првиот циклус на студии за студиските програми кои се организираат на следниве Институти при Факултетот :

1. Институтот за ***биологија*** – 7 демонстратори ;
2. Институтот за ***математика*** – 2 демонстратори;
3. Институтот за ***физика***- *3* демонстратори;
4. Институтот за ***хемија*** - *5* демонстратори;

**II.** Кандидатите, треба да ги исполнуваат следниве услови:

**За точка 1- Институт за биологија:**

- да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје на соодветна насока/студиска програма по биологија, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

-да се запишани на втор или трет циклус на студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје на една од студиските програми по биологија

**За точка 2 Институт за математика:**

- да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје на една од студиските програми по математика (наставна, теориска, применета или математичка економија), со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

-да се запишани на втор циклус на студии на студиски програми по математика (Математички науки и примени; Математичко образование во основно и средно училиште; Нумеричка оптимизација и апроксимации; Математичка статистика, актуарство и математичко моделирање во економија) и трет циклус на студии на студиска програма по Математички науки и примени на Природно-математичкиот факултет во Скопје

**За точка 3 – Институт за физика:**

- да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје на една од студиските програми по физика, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);

-да се запишани на втор или трет циклус на студии на студиски програми по физика, математика или хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје или на студиски програми од областа на техничките науки на Машинскиот факултет, Технолошко - металуршкиот факултет или

Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**За точка 4 Институт за хемија:**

- да имаат завршено прв циклус (додипломски) студии на Природно-математичкиот факултет во Скопје на една од студиските програми по хемија, со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум);
-да се запишани на втор или трет циклус на студии на една од студиските програми по хемија на Природно-математичкиот факултет во Скопје

**III** Со пријавата (во прилог), кандидатите поднесуваат докази за исполнетост на условите утврдени со огласот: уверение за положени испити и индекс на увид, и куса биографија (CV) во архивата на ПМФ Скопје, на ул. Архимедова бр. 3 Скопје (горна зграда).

**IV**. Огласот трае 5 дена од денот на објавувањето, односно до 31.10.2018 година (среда).

**V**. Факултетот го задржува правото да не ги ангажира избраните демонстратори доколку во летниот семестар во учебната 2018/2019 година нема доволен фонд на часови, односно предмети.

Декан,

Проф. д-р Ицко Ѓоргоски

Да се достави до:
- Декан;
- Секретар;
- Архива;
- Огласна табла (3);
- Институти;
- Web страна;